# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

## TYLOL HOT (ТАЈЛОЛ ХОТ)

кесичка

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате **ТАЈЛОЛ ХОТ** претпазливо за да ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со вашиот фармацевт ако ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на вашата болест не се подобрат, тогаш мора да појдете на лекар.*

Упатството за пациентот содржи:

1. Што претставува **ТАЈЛОЛ ХОТ** и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го употребите **ТАЈЛОЛ ХОТ**
3. Како да го употребувате **ТАЈЛОЛ ХОТ**
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на **ТАЈЛОЛ ХОТ**

**ТАЈЛОЛ ХОТ (TYLOL HOT)** претставува прашок за растворање, за орална употреба кој содржи лесни гранули со вкус на лимон со жолтеникаво бела боја и бели необоени кристали.

Секоја кесичка **ТАЈЛОЛ ХОТ** содржи:

*Активни супстанци:*

Парацетамол.............................................500mg
Хлорфенирамин малеат.................................4mg
Псеудоефедрин хидрохлорид........................60mg

*Ексципиенси:*

Безводна лимонска киселина
Винска киселина
Натриум хидроген карбонат (Натриум бикарбонат)
Натриум карбонат анхидрид
Натриум бензоат
Рафиниран шеќер (сахароза)
Повидон (PVP K 30)

Кинолин жолта, CI бр 47 005
Прашок со вкус на лимон

**Производител**
NOBELFARMA ILAC SANAYII ve TICARET A.S
Sancaklar 81100/Дүшче/Турција

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
НОБЕЛ ИЛАЧ САНАЈИИ ВЕ ТИЦАРЕТ А.Ш
Претставништво во Р. Македонија;
Ул"Максим Горки "бр. 8 а-4, Скопје

**1. Што претставува ТАЈЛОЛ ХОТ и за што се употребува**

Името на лекот е **ТАЈЛОЛ ХОТ** и претставува прашок за еднократна употреба.
Секоја ќесичка **ТАЈЛОЛ ХОТ** содржи 500 mg на парацетамол, 4 mg на хлорфенирамин малеат и 60 mg псеудоефедрин хидрохлорид.
Парацетамолот претставува аналгетик кој и припаѓа на групата на лекови познати како не-опиоидни аналгетици. Исто така, има аналгетско и антипиретско дејство.
Хлорфенирамин припаѓа на групата на лекови наречени антихистаминици кои помагаат во олеснување на симптомите како: алергија, ринореа, назална конгестија, црвенило и/или хиперсензитивност на очите.
Псеудоефедрин хидрохлорид е деконгестив, кој делува на ублажување на симптомите при затнат нос.
Овој лек може да се користи за ублажување на симптомите на настинка и грип, вклучувајќи: болка, главоболка, затнат нос и проблеми со синусите, намалување на треска.

**2. Што мора да знаете, пред да го употребите ТАЈЛОЛ ХОТ**

**Не треба да го земате ТАЈЛОЛ ХОТ:**
-Ако сте алергични (хиперсензитивни) на активните состојки или на било која од другите состојки на **ТАЈЛОЛ ХОТ**.
- Ако страдате од тешка хепатална и бубрежна болест.
-Ако земате МАО-инхибитори (за депресија) или сте ги земале во последните 14 дена.

**Бидете посебно внимателни со ТАЈЛОЛ ХОТ**
-Ако имате проблеми со црниот дроб и бубрезите предизвикани од зависност од алкохол.
-Ако имате сериозни проблеми со срцето, висок крвен притисок (хипертензија) и анемија, можете да го користите **ТАЈЛОЛ ХОТ** под надзор на лекарот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ СКОПЈЕ

-Не треба да го користите **ТАЈЛОЛ ХОТ** за контрола на болка повеќе од 10 дена или да го користите за лекување на повратни фебрилни состојби кои траат повеќе од 3 дена со телесна температура над 39,5 ºC, освен ако тоа е препорачано од лекарот.

-Не треба да го користите **ТАЈЛОЛ ХОТ**, ако имате шекерна болест, белодробни заболувања, астма, глауком, хиперактивна тироидна жлезда.

-Ако земате антихипертензивни и/или антидепресивни лекови, треба да побарате соодветен медицински совет за користење на **ТАЈЛОЛ ХОТ**.

*Педијатриска популација:*

**ТАЈЛОЛ ХОТ** не треба да се користи повеќе од 5 дена кај деца при болка или при третман на повратни фебрилни состојби кои траеле повеќе од 3 дена со телесна температура над 39,5 ºC освен ако тоа е препорачано од лекар.

Деца под 12 години може да користат **ТАЈЛОЛ ХОТ** само под надзор на лекар.

"Ве молиме да се посоветувате со вашиот лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на вас, било кога во минатото".

**Бременост и доење**

Потребен е лекарски надзор при употреба на **ТАЈЛОЛ ХОТ** кај бремени жени.

Ако доите не треба да го користите **ТАЈЛОЛ ХОТ**, освен ако вашиот лекар ве советувал спротивно.

*Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

**ТАЈЛОЛ ХОТ** може да предизвика чувство на замор, затоа треба да се внимава при управување со автомобил или со потенцијално опасни машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на ТАЈЛОЛ ХОТ**

*Натриум*

Овој медицински производ содржи 450mg на натриум бикарбонат, 45mg натриум карбонат анхидрат и 10mg натриум бензоат, во една доза. Ова треба да се земе во предвид кај пациенти кои се на диета со контролирано внесување на натриум.

*Сахароза (рафиниран шеќер)*

Овој медицински производ содржи 17556.95 mg сахароза во една доза. Не треба да го користат пациенти со дијабетес мелитус.

**Земање/ употребување на други лекови**

"Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина".

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ СКОПЈЕ

"Ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт ако земате, или неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт".

Не е одредена никаква интеракција при користење на **ТАЈЛОЛ ХОТ** во терапевтски дози. Ги потенцира ефектите на антикоагулансите со продолжена терапија при повисоки дози.

При користење на парацетамол во поголеми дози во подолг период може да влезе во интеракција со кумарин, индандион-деривати и фенотијазини.

Алкохолот, барбитуратите и трицикличните антидепресиви може да го зголемат хепатотоксичниот потенцијал на парацетамолот. Кај пациенти кои примаат антиепилептици како карбамазепин, фенобарбитал, фенитоин или примидон дозата на парацетамол треба да се намали.

Хлорфенираминот може да го одложи хепаталниот метаболизам на фенитоинот, со тоа може да ја зголеми неговата плазма концентрација. Хлорфенираминот предизвикува додатна централна нервна депресија ако се зема заедно со алкохол, барбитурати, хипнотици, опиоидни аналгетици, анксиолитици и антипсихотици.

Може да се случи повремено зголемување на крвниот притисок ако псеудоефедрин хидрохлорид се администрира заедно со деконгестанти, трициклични антидепресиви, препарати за супресија на глад, психостимуланти слични на амфетамин и МАО инхибитори.

Метилдопа, α и β адренергични блокатори, кванетидин може да ја изгубат ефикасноста ако се коадминистрираат со псеудоефедрин хидрохлорид.

**3. Како да го употребувате ТАЈЛОЛ ХОТ**

**ТАЈЛОЛ ХОТ** се зема орално како што е прикажано долу:

-Состојките од секоја кесичка треба да се растворат во 160ml (= стандардна големина на чаша) топла вода и треба да се испие веднаш без претходно да се чека.

-Може да се администрира на секои 6 часа. Препорачана максимална дневна доза е 4 кесички.



Содржината од кесичката се става во чаша со вода


2/3 од чашата се полнат со топла вода


Се меша еднаш или двапати


Целиот состав се пие

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ * СКОПЈЕ *

"Следете ги инструкциите освен ако вашиот лекар не ви препорачал поинаку."
*Ако имате впечаток дека ефектот на* ***ТАЈЛОЛ ХОТ*** *е премногу силен или премногу слаб посоветувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

*Педијатриска популација:*
Деца под 12 години можат да го користат **ТАЈЛОЛ ХОТ** само под надзор на лекар.
*Посебни групи на пациенти:*
Пациенти со заболувања на црниот дроб и бубрезите можат да го користат **ТАЈЛОЛ ХОТ** само под надзор на лекар.
Пациенти кои консумираат алкохол, кај кои има ризик од хепатотоксичност, вкупната дневна доза на парацетамол не треба да биде поголема од 2 g.

**Ако сте земале поголема доза од ТАЈЛОЛ ХОТ отколку што треба:**
*Ако сте земале поголема доза од* ***ТАЈЛОЛ ХОТ*** *отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете ТАЈЛОЛ ХОТ**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови и* ***ТАЈЛОЛ ХОТ*** *може да има несакани дејства*
Ако забележите некои од следниве симптоми, престанете да го земате **ТАЈЛОЛ ХОТ**, веднаш обратете се кај вашиот лекар или во најблиската болница:
-Тешкотии при дишењето, отекување на лицето, вратот, јазикот или грлото (тешки алергиски реакции);
-Ретко, халуцинации;
-Невообичаени модринки или инфекции, како отечено грло - ова може да биде знак на многу ретки промени во крвта.
Овие се сериозни несакани реакции и се јавуваат ретко.
Ако ви се јави било кој од следниве симптоми обратете се кај вашиот лекар:
-Чувство на мачнина, главоболка;
-Брза или неправилна работа на срцето, низок крвен притисок (чувство на слабост);
-Немир, тешкотии при спиење, тремор;
-Вртоглавица;
-Поспаност;
-Дијареа;
-Повраќање;
-Болка во стомакот;
-Нарушувања на крвта (анемија);
-Воспаление на црниот дроб (што може да направи да се чувствувате слаби, болни, појава на жолтило);

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ * СКОПЈЕ *

-Заматен вид;

-Алергиски реакции, вклучувајќи осипи на кожата кои чешаат, лупење на кожата, црвенило;

-Сува уста;

-Намален број на бели крвни клетки во крвта, што може да го зголеми ризикот од инфекција;

-Намален број на одредени клетки во крвта кои им помагаат во згрутчувањето на крвта губење на апетит;

-Тешкотии при проток на урината, при постоечка хиперплазија на простата;

-Недостаток на апетит.

Овие се помалку чести несакани реакции кои може да се случат при употреба на **ТАЛЛОЛ ХОТ.**

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување на ТАЈЛОЛ ХОТ**

Се чува на температура под 25 °C во сопственото пакување.

Да се чува во оригиналното пакување, со цел да се заштити од влага и светлина.

*" Лекот чувајте го на места недостапни за деца"*

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и кесичките.*

Истекот на рокот се однесува на последниот ден од месецот.

**Начин на издавање на лекот**

"Лекот се издава во аптека без рецепт"

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ СКОПЈЕ